# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ КАКО **ОШТЕТЕН** ВО КРИВИЧЕН ПРЕДМЕТ?



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

## КОГА МОЖЕ ДА СЕ ЈАВИТЕ КАКО ОШТЕТЕН ВО КРИВИЧЕН ПРЕДМЕТ?

Како оштетен во кривичен предмет може да се јавите доколку сте жртва на кривично дело или, пак, сте лице чие лично или имотно право е повредено со кривичното дело и лице кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или поради остварување на имотноправно барање.

## КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА КАКО ОШТЕТЕН?

Кога сте оштетен ги имате следниве права за кои органите на постапката мора да Ве запознаат:

- да го употребувате својот јазик и да користите преведувач доколку не го разбирате јазикот на кој се води постапката;
- да поднесете предлог за остварување на имотноправно барање;
- да имате полномошник;
- да укажувате на факти и да предлагате докази;
- да присуствувате на доказното рочиште, како и на главната расправа и да учествувате во доказната постапка;
- по завршувањето на истражната постапка да ги разгледате списите и предметите што служат како доказ;
- да поднесете жалба;
- да поднесете предлог за гонење и приватна тужба;
- да бидете известен за непреземање или за секое откажување од кривично гонење од страна на јавниот обвинител и да поднесете жалба за таквата одлука;
- да барате враќање во поранешната состојба;
- да Ви се почитува правото на приватност, и
- да учествувате во постапката за медијација.

## ЗА ШТО МОЖЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ ИМОТНОПРАВНО БАРАЊЕ?

Имотноправното барање кое го поднесувате како оштетен, може да се однесува на надоместок на штета, на враќање на предмети или на поништување на определена правна работа, како, на пример, различни договори кои биле склучени како резултат на кривично дело и сл.

## ШТО МОЖЕ ДА ВИ СЕ СЛУЧИ ДОКОЛКУ ВО КРИВИЧНИОТ ПРЕДМЕТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОДЛУЧИ ЗА ВАШЕТО ИМОТНОПРАВНО БАРАЊЕ КАКО ОШТЕТЕН?

Доколку судот го осуди обвинетиот, тој ќе одлучи целосно или делумно и за Вашето имотноправно барање. Ако судот за Вашето имотноправно барање одлучи делумно, тогаш за преостанатиот износ на имотноправното барање ќе Ве упати да поведете спор пред надлежниот суд. Но, може да се случи, и покрај тоа што судот го осудил обвинетиот, тој да нема доволно докази во кривичната постапка за да пресуди и за Вашето имотноправно барање. Со оглед на тоа што дополнителното обезбедување на тие докази може да доведе до одолжување на кривичната постапка, судот, и во овој случај, ќе Ве упати, имотноправното барање да го остварите преку поведување спор пред граѓански суд.

Во ситуација кога судот нема да го осуди обвинетиот, тогаш воопшто нема да одлучува за Вашето имотноправо барање и, секако, ќе ве упати да поведете спор пред граѓански суд.